ОПШТИНА ПРИЛЕП
-Локална самоуправа-
Бр. 03-3930/1
23. 11 2026 год.
ПРИЛЕП

Друштво за управување со отпад
ЕЛКОЛЕКТ ДОО увоз-извоз
Бр. 0307-486/1
18.11 2026 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР

ЗА СОРАБОТКА И ПОДДРШКА ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Склучен на ___.___.2026 год. помеѓу следните договорни страни:

1. **Друштво за управување со отпадна електрична и електронска опрема ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје**, ул. Орце Николов бр. 182А/1-1 Скопје, ЕМБС 6994377, ЕДБ МК4057014527121, електронско сандаче: elkolekt@gmail.com, застапувано од управителот Фана Христовска од Скопје, од една страна како КОЛЕКТИВЕН ПОСТАПУВАЧ и

2. **Општина Прилеп**, ул. Македонски бранители бр. 1, ЕМБС 6001955, ЕДБС МК4021004146230 електронско сандаче: prilep@prilep.gov.mk застапувано од Градоначалникот Дејан Проданоски, од друга страна.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Договорните страни се согласни секој во рамките на своите права и обврски утврдени во законските одредби заеднички да се организираат и преземат активности за воспоставување и имплементација на интегрален систем на управување со посебните текови на отпад на територијата на Општина Прилеп.

Член 2

Овој Договор се склучува согласно одредбите од член 11 и член 42 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад („Сл. Весник на РСМ“ бр. 216/2021) (во понатамошен текст ЗПОП) како и во согласност со Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Сл. Весник на РСМ“ бр. 176/21) (во понатамошен текст ЗУОЕЕО) и Законот за управување со отпадот („Сл. Весник на РСМ“ бр. 216/21) (во понатамошен текст ЗУО).

Член 3

Општина Прилеп обврските за проширена одговорност може да ги остварува со склучување на договор со повеќе колективни постапувачи, со цел воспоставување на организиран, интегрален и одржлив систем за управување со отпад од електрична и електронска опрема.

ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Предмет на овој Договор е регулирање на правата и обврските на договорните страни согласно ЗПОП и ЗУОЕЕО.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОЛЕКТИВНИОТ ПОСТАПУВАЧ

Член 5

Согласно Член 11 од ЗПОП, колективниот постапувач има обврска да дава подршка и остварува соработка со Општината/Градот Скопје/Општината во Градот Скопје и регионалните системи за управување со отпад заради собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебниот тек на отпад, а во насока на остварување на националните цели согласно членот 13 од овој закон.

Колективниот постапувач е должен, да дава подршка и соработува со Општината/Градот Скопје/Општината во Градот Скопје и регионалните системи за управување со отпад заради преземање на заеднички мерки и активности кои имаат за цел поттикнување на одделно собирање на отпадна електрична и електронска опрема, како и да воспостават собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање на отпадната опрема заради повторна употреба, преработка и рециклирање.

Член 6

Колективниот постапувач е должен преземањето и транспортот на собраната отпадна елктрична и електронска опрема од инфраструктурата или собирните центри во Општина Прилеп согласно член 29 став 1 од ЗПОП да го довери само на физички и правни лица кои имаат соодветни дозволи издадени од надлежни државни органи согласно прописите за управување со отпад.

Член 7

Колективниот постапувач е должен да и овозможи на Општина Прилеп целосен увид во својата документација како и исполнувањето на обврските кои се однесуваат на управувањето со отпадната опрема и обратно.

Член 8

Колективниот постапувач заедно со Општина Прилеп се должни да ја информираат јавноста и крајните корисници за:

- забраната за оставање на отпадната опрема како несортиран комунален отпад и за обврската за одделно собирање на отпадната опрема;
- воспоставените системи на преземање и собирање на отпадната опрема кои им се на располагање;
- начинот на нивното придонесување за повторна употреба, рециклирање и друг начин на преработка;
- можните негативни влијанија и последици врз здравјето на луѓето и животната средина како резултат на присуството на опасни супстанции во опремата, како и
- други законски обврски за информирање.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 9

Општина Прилеп треба да му овозможи на колективниот постапувач, преземање и транспорт на собраната отпадна опрема од инфраструктурата дадена на користење од страна на колективниот постапувач и од собирните центри на Општината.

Член 10

Градоначалникот на Општина Прилеп одговорен и должен да преземе мерки и активности со цел исполнување на националните цели сразмерно на уделот на количината и видот на отпад што се создава од подрачјето на Општината согласно член 29 став (1) ЗПОП.

Член 11

Општина Прилеп е должен/на договорот да го направи достапен до јавноста преку објавување на истиот на веб-страницата на градот/општината.

Колективниот постапувач е должен договорот да го направи достапен до јавноста преку објавување на истиот на неговата веб-страница.

Член 12

Договорните страни се согласни информациите и податоците кои ги обезбедиле или до кои дошле при реализацијата на овој Договор, месечните и годишни извештаи, податоците добиени со ревизијата и сите други информации и податоци при исполнувањето на меѓусебните права и обврски, во рамки на правата и обврските дефинирани со законите на кои се заснова овој Договор да бидат меѓусебно достапни.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 13

Овој Договор се склучува за период од 3 (три) години, а стапува на сила од денот на неговото потпишување.

Член 14

Во случај кога една од договорните страни не е задоволна од соработката може на другата договорна страна да и достави писмено известување со објаснување за забелешките на работата при што ќе бара исправка на неправилностите во разумен временски рок.

Член 15

Доколку овој Договор биде раскинат од било која причина, Општина Прилеп се обврзува да му овозможи на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје, да ја подигне опремата од член 6 и истата ја предаде со Записник за примо-предавање во присуство на одговорни лица од двете договорни страни.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Промени на овој Договор може да се прават само со анекс потпишан и заверен од двете договорни страни.

Член 17

Секоја договорна страна е должна веднаш да ја извести другата договорна страна во случај на промена на називот на фирмата, седиштето, електронското сандаче или друга промена во трговскиот регистар од значење за соработката при реализацијата на овој Договор.

Член 18

Овој Договор престанува да важи доколку било која од договорните страни писмено ја извести другата страна дека го раскинува договорот, со отказен рок од 30 дена. Секоја од двете страни може писмено да го раскине договорот доколку се постапува спротивно или не се почитуваат одредбите од овој Договор.

Член 19

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од ЗПОП, ЗУОЕЕО, ЗУО, Законот за облигационите односи и други закони и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја.

При реализацијата на преземените обврски со овој Договор, договорните страни ќе ги почитуваат позитивните законски прописи без оглед дали тие се донесени пред или по потпишувањето и заверката на овој Договор од двете договорни страни.

Член 20

Во случај на спор, договорните страни ќе се обидат спорот да го решат спогодбено а доколку во тоа не успеат надлежен за решавање на спорот ќе биде Основниот граѓански суд Скопје.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

Колективен постапувач

За ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје
Управител,

Фана Христовска

Општина

За Општина Прилеп
Градоначалник,

Дејан Проданоски

ОПШТИНА ПРИЛЕП
-Локална самоуправа-
Бр. 03-27021
18.08 2025 год
ПРИЛЕП

30.09.2025
Ми подајоа од гл архивов

ЕЛКОЛЕКТ ДОО увоз-извоз
Бр. 0507 - 341
04.08 2025 год
СКОПЈЕ

ДОГОВОР

ЗА СОРАБОТКА И ПОДРШКА ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Склучен на ___.___.2025 год. помеѓу следните договорни страни:

1. **Друштво за управување со отпадна електрична и електронска опрема ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје**, ул. Орце Николов бр. 32А-1/1, Скопје, ЕМБС 6994377, ЕДБ МК4057014527121, електронско сандаче: elkolekt@gmail.com, застапувано од управителот Фана Христовска од Скопје, од една страна како **Колективен постапувач** и

2. **Општина Прилеп**, ул. Прилепски бранители бр. 1, ЕМБС 6001955, ЕДБС МК4021004146230 електронско сандаче: prilep@prilep.gov.mk застапувано од градоначалник Борче Јовчески, од друга страна како **Општина Прилеп**.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Договорните страни се согласни секој во рамките на своите права и обврски утврдени во законските одредби заеднички да се организираат и преземат активности за воспоставување и имплементација на интегрален систем на управување со посебните текови на отпад на територијата на Општина Прилеп.

Член 2

Овој Договор се склучува согласно одредбите од член 11 и член 42 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад („Сл. Весник на РСМ" бр. 215/2021, 73/2024) (во понатамошен текст ЗПОП) како и во согласност со Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Сл. Весник на РСМ" бр. 176/21, 73/2024) (во понатамошен текст ЗУОЕЕО) и Законот за управување со отпадот („Сл. Весник на РСМ" бр. 216/21) (во понатамошен текст ЗУО).

Член 3

Општина Прилеп обврските за проширена одговорност на производителот може да ги остварува со склучување на договор со повеќе колективни постапувачи, со цел воспоставување на организиран, интегрален и одржлив систем за управување со отпад од електрична и електронска опрема.

ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

aq

Член 4

Предмет на овој Договор е регулирање на правата и обврските на договорните страни согласно ЗПОП и ЗУОЕЕО.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОЛЕКТИВНИОТ ПОСТАПУВАЧ

Член 5

Согласно Член 11 од ЗПОП, колективниот постапувач има обврска да дава подршка и остварува соработка со Општината/Градот Скопје/Општината во Градот Скопје и регионалните системи за управување со отпад заради собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебниот тек на отпад, а во насока на остварување на националните цели согласно членот 13 од овој закон.

Колективниот постапувач е должен, да дава подршка и соработува со Општината/Градот Скопје/Општината во Градот Скопје и регионалните системи за управување со отпад заради преземање на заеднички мерки и активности кои имаат за цел поттикнување на одделно собирање на отпадна електрична и електронска опрема, како и да воспостави собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање на отпадната опрема заради повторна употреба, преработка и рециклирање.

Член 6

Колективниот постапувач е должен да ги превземе сите мерки и активности за поддршка на единиците на локална самоуправа во исполнување на обврските на Градоначалникот на општината согласно член 42 од ЗПОП.

Член 7

Колективниот постапувач е должен преземањето и транспортот на собраната отпадна електрична и електронска опрема од инфраструктурата или собирните центри во Општина Прилеп согласно член 29 став 1 од ЗПОП да го довери само на физички и правни лица кои имаат соодветни дозволи издадени од надлежни државни органи согласно прописите за управување со отпад.
Колективниот постапувач се обврзува да го извести Градоначалникот на општината за тоа со кое правно лице ќе склучи договор.

Член 8

Колективниот постапувач е должен да и овозможи на Општина Прилеп целосен увид во својата документација како и во исполнувањето на обврските кои се однесуваат на управувањето со отпадната опрема и обратно.
Колективниот постапувач се обврзува најдоцна до 15 Март во тековната година да достави извештај со податоци за собраната отпадна опрема до Градоначалникот на општината, заради навремено исполнување на обврската на Градоначалникот согласно член 42 став (11) од ЗПОП.

Член 9

Колективниот постапувач заедно со Општина Прилеп се должни да ја информираат јавноста и крајните корисници за:

- забраната за оставање на отпадната опрема како несортиран комунален отпад и за обврската за одделно собирање на отпадната опрема;
- воспоставените системи на преземање и собирање на отпадната опрема кои им се на располагање;
- начинот на нивното придонесување за повторна употреба, рециклирање и друг начин на преработка;
- можните негативни влијанија и последици врз здравјето на луѓето и животната средина како резултат на присуството на опасни супстанции во опремата, како и
- други законски обврски за информирање.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 10

Општина Прилеп треба да му овозможи на колективниот постапувач преземање и транспорт на собраната отпадна опрема од инфраструктурата дадена на користење од страна на Колективниот постапувач.
Видот и количината на инфраструктура се содржани во член (6) од Договор бр. 03-2462/1 од 18.07.2022 заведен кај Колективниот постапувач под бр. 0307-116/1 од 13.07.2022 и во член 2 од Анекс на договор бр. 03-2624/1 од 21.07.2023 заведен кај Колективниот постапувач под бр. 0307-116/2 од 13.07.2023. Општина Прилеп нема никакви обвски околу дадената инфраструктура.

Член 11

Градоначалникот на Општина Прилеп е одговорен и должен да преземе мерки и активности со цел исполнување на националните цели сразмерно на уделот на количината и видот на отпад што се создава од подрачјето на Општината согласно член 42 став (1) од ЗПОП.

Член 12

Општина Прилеп е должна договорот да го направи достапен до јавноста преку објавување на истиот на веб-страницата на градот/општината.

Член 13

Договорните страни се согласни информациите и податоците кои ги обезбедиле или до кои дошле при реализацијата на овој Договор, месечните и годишни извештаи, податоците добиени со ревизијата и сите други информации и податоци при исполнувањето на меѓусебните права и обврски, во рамки на правата и обврските дефинирани со законите на кои се заснова овој Договор да бидат меѓусебно достапни и да бидат навремено доставувани.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 14

Овој Договор се склучува на за период од една година.

Член 15

Во случај кога една од договорните страни не е задоволна од соработката може на другата договорна страна да и достави писмено извѐстување со објаснување за забелешките на работата при што ќе бара исправка на неправилностите во разумен временски рок.

Член 16

Доколку овој Договор биде раскинат од било која причина, Општина Прилеп се обврзува да му овозможи на Колективниот постапувач, да ја подигне опремата која и ја доставил на Општината и истата ја предаде со Записник за примо-предавање во присуство на одговорни лица од двете договорни страни.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Промени на овој Договор може да се прават само со Анекс потпишан и заверен од двете договорни страни.

Член 18

Секоја договорна страна е должна веднаш да ја извести другата договорна страна во случај на промена на називот на фирмата, седиштето, електронското сандаче или друга промена во трговскиот регистар од значење за соработката при реализацијата на овој Договор.

Член 19

Овој Договор престанува да важи доколку било која од договорните страни писмено ја извести другата страна дека го раскинува договорот, со отказен рок од 30 дена. Секоја од двете страни може писмено да го раскине договорот доколку се постапува спротивно или не се почитуваат одредбите од овој Договор.

Член20

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од ЗПОП, ЗУОЕЕО, ЗУО, Законот за облигационите односи и други закони и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја.

При реализацијата на преземените обврски со овој Договор, договорните страни ќе ги почитуваат позитивните законски прописи без оглед дали тие се донесени пред или по потпишувањето и заверката на овој Договор од двете договорни страни.

Член 21

Во случај на спор, договорните страни ќе се обидат спорот да го решат спогодбено а доколку во тоа не успеат надлежен за решавање на спорот ќе биде Основниот граѓански суд Скопје.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

Колективен постапувач

За ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје
Управител,

Фана Христовска

Општина

За Општина Прилеп
Градоначалник

Борче Јовчески